Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 108, 2 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент (специјалист) за научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакогенетика и молекуларна биологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез хармонија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 34

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање и нумеричка анализа на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 38

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Добра лабораториска пракса“ од проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Философија: византиска и руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот казнено процесно право“ од д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Менаџмент на конфекциско претпријатие“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 61

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ФИЛОСОФИЈА: ВИЗАНТИСКА И РУСКА ФИЛОСОФИЈА“ ОД АВТОРОТ Д-Р ТРАЈЧЕ СТОЈАНОВ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08) Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на својата работна седница, одржана на 14.8.2013 година, донесе Одлука бр. 2102-225/21 за избор на Рецензентска комисија во состав проф. д-р Драгор Заревски и проф. д-р Снежана Јованова-Митковска за оцена на скриптата *„Философија: византиска и руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов*.

Откако го прегледавме доставениот текст го изработивме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот за скрипта „Философија: Византиска и руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов се состои од 120 страници компјутерски изготвен текст, со стандарден слог и проред, што во потполност соодветствува на актуелните стандарди. Ракописот се состои од два главни дела: првиот дел е насловен „Византиска философија“ кој е составен од две глави „Мистична антропологија на обожувањето“ и „Антрополошките и гносолошките импликации на апофатичкото богословие“. Вториот главен дел насловен „Руска философија“ е поделен на две глави и тоа првата глава е наречена „Преглед на руската философија и нејзините особености“, а втората глава е насловена „Особености на руската философија“. На крајот на текстот е поместена богата библиографија што авторот ја користел при изработката на ракописот, која може да им послужи и на студентите како дополнителна литература за збогатување и продлабочување на знаењата од дадената област.

Првиот дел „Византиска философија“ е составен од две глави при што првата глава е насловена „Мистична антропологија на обожувањето“, а втората глава „Антрополошките и гносолошките импликации на апофатичкото богословие“. Во двете глави е користен проблемскиот пристап во презентирањето на философијата и на философските концепции.

Првата глава „Мистична антропологија на обожувањето“ содржи три поглавја и тоа: „Устројство на човекот“, „Личност“ и „Обожување“ и ги обработува базичните философски прашања карактеристични за византиската философска мисла, при што авторот на почеток на овој дел посебен акцент става врз анализата на суштествените проблеми на византиската филозофија, а духовноста на човекот насочена кон Апсолутот ја анализира низ филозофско проникнување во мистичната антропологија на обожувањето. Во првото поглавје насловено „Устројството на човекот“ се презентираат фундаментални филозофско-антрополошко-аксиолошки прашања карактеристични за византиската филозофија, а тоа се местото и улогата на човекот во светот, прашањето на падот и на воскреснувањето на надеждта по падот и прашањето за образот и „подобијето“. Во рамките на второто поглавје насловено „Личност“ се презентираат базичните ставови карактеристични за византиската филозофија, кои се однесуваат на истражувањето и дефинирањето на човековата личност. Така, второто поглавје ги презентира прашањата на онтологијата на личноста, втемелувањето на персоналноста и еклисиолошката реалност на личноста. Третото поглавје насловено „Обожување“ ги разработува прашањата на патот кон единството, како пат на целосното остварување на личноста и пат кон состојбата на обоженост, како на филозофското и теолошко прашање за Светлината, односно за животот во светлината, при што светлина не е симбол, туку совршена визија на Божественото, при што со даденото прашање авторот ја заокружува својата презентација на филозофските проблеми втемелени во византиската филозофска мисла за мистична антропологија на обожувањето.

Втората глава „Антрополошките и гносолошките импликации на апофатичкото богословие“ ги презентира прашањата за основните принципи на апофатичкото богословие и за суштествените разлики меѓу катафатичкото богословие, како теологија која го промовира моделот на познанието, каде што Бог се познава низ интелектуално-аналитичката размисла за тоа што е Бог. За разлика на апофатичкото богословие, каде што филозофската и теолошката размисла за Бог поради трансцедентноста на апсолутното битие, односно поради недофатливоста на божествената суштина, апофатичкото богословие го промовира моделот на познанието каде што низ интелектуално-аналитичката размисла за тоа што е Бог може да се осознае единствено што Бог не е, односно да се осознае единствено она што е несовршено, она што не е апсолутна суштина, она што не е Бог.

Во вториот дел „Руска философија“ авторот ги презентира базичните филозофски учења и доктрини на руската филозофска мисла, при што внимателно ги обработува суштествените феномени со кои се одликува руското филозофско, интелектуално и духовно творештво низ историјата, проследено со анализа на политичко-економските и цивилизациско-историските околности кои влијаеле врз обликувањето на руската филозофска мисла.

Првата глава наречена „Преглед на руската философија и нејзините особености“ хронолошки го следи развитокот на руската интелектуално-филозофска мисла низ вековите, при што особено внимание е посветено на филозофските учења кои ја одбележаа руската филозофска мисла во XIX и XX век.

Во втората глава насловена „Особености на руската философија“ авторот ги анализира суштествените особености на руската филозофска мисла, при што соодветно ги апострофира филозофските и духовните премрежија на филозофските согледувања кои ја одбележуваат руската филозофија, суштествени метафизичко-теолошки, антрополошки и аксиолошки проблеми што ја будат филозофската љубопитнист и го воздигнуваат човечкиот дух.

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Ракописот за скрипта „Философија: Византиска и руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов претставува квалитетен труд кој ќе им овозможи на студентите да се запознаат со филозофски проблеми на византиската и на руската филозофска мисла, филозофска проблематика која досега мошне малку е застапена во нашата стручна академска учебникарска литература и притоа проблематика која не е застапена во универзитетскиот учебник „Смислата и доблеста“ на проф. д-р Ферид Мухиќ, кој се користи во рамкте на наставата по филозофија на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, од што и произлегува непосредната потреба од изработка и публикување на овој труд.

Стилот е јасен и разбирлив, што произлегува од суверeноста со која авторот владее со филозофската проблематика обработена во овој труд.

Поаѓајќи од наведените констатации и оцени за квалитетот на трудот, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да одобри публикување на трудот „Философија: Византиска и Руска философија“ од авторот д-р Трајче Стојанов, во форма на универзитетска скрипта по предметите Историја на филозофијата и Основи на филозофијата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, с.р.**
**Проф. д-р Драгор Заревски, с.р.**